**20260771174**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 8 април 2026 година.

Бр. 08-2635/1
8 април 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 1

Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), во член 18 во ставот (3) бројот „12“ се заменува со бројот „3“, а по зборот „кредит“ се става точка и зборовите: „или издадени гаранции.“ се бришат.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

=